БИАТЕН Бр.4

# 46.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП






ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ
(1875-1951)




10-16 ЈУНИ 2011

# ВРЕМЕ Е ЗА ЛАУРЕАТИТЕ



*Се спушта театарската завеса, полека ќе замре аплаузот. Божицата Талија, симболот на театарската уметност не прегрна сите во изминатите седум дена. Не обзеде целосно. Се уште сме под импресии од магијата на театарот.*

*Театарската креација понудена на годинашниов, 46. МТФ "Војдан Чернодрински" ќе остане во нас, ќе ја паметиме долго. Ќе биде врежана во нашата меморија. Ќе остане забележано дека Фестивалот понуди широк дијапозон од театарска естетика. Впрочем театарот е во постојан развој , како и животот. Тој не прави ништо друго освен што еволуира. Тоа е неговата функција, цел на постоење.*

*Го задоволивме нашето љубопитство. Откривме нови театарски видици за вечерва да ги наградиме. Аплаузот заслужено кај најдобрите. Се разбира догодина повторно!*

*Годинава посебно го чествуваме патронот. Таа светла точка во одредувањето на кодот на македонската културна и театарска мисла, длабоко вкоренета во нашиот бит. Затоа да го надомстиме подзаборавеното, да го заштитиме наследството!*

*Сега е време за лауреатите!*

# Г л е д а в м е . . .



НУ Драмски театар - Скопје
**“geNOcid 21”** од Љубиша Георгиевски
Режија: Владлен Александров
Сценографија и видео проекција: Иван Карев и Весела Статкова
Костими: Мери Георгиевска
Избор на Музика: Владлен Александров
Играа: Јелена Жугиќ, Рубенс Муратовски и Роберт Вељановски

# П р е т с т а в а т а . . .

Претставата “Геноцид 21” во суштината го има односот “џелат-жртва” уште од пред 3000 години до денес. Но со сигурност се води кон менувањето на тој однос , џелатот станува жртва, а жртвата, џелат. Трансформацијата ја прават извонредните улоги на двајцата актери во ликовите на Кралот Агамемнон- Рубенс Муратовски и кралицата на Теба, Јелена Жугиќ. Секако во случајов е неминовно авторовото имплицирање на политиката од нашето опкружување преку јасната проекција на видео пораките.
Владлен Александров, режисер: Одлично работевме со двајцата актери. Тие се многу талентирани, емоционални актери. Пиесата говори за сериозни нешта, таа е филозофска, длабока и ми се чини ги допревме точките за сите размислувања: за македонската, европската за балканската историја, за се важно и суштествено што ја прави смислата на животот. Таа мисла на авторот Љубиша Георгиевски дека џелатот со време станува жртва, а жртвата џелат, е многу правилна, современа, со многу примери во историјата, но и во животот дека “раката на правдата ќе ги стигне сите”.

**Јелена Жугиќ,** актер: Повеќе компоненти се во прашање за градењето на улогата на Хекуба. Кога имате сериозна предлошка, текст кој на 100-то читање ќе ви отвори нови длабочини е задоволство. Прво, задоволство е да се изговори тој текст, да помине низ актерот, да го усвоиштоа што го зборуваш. Ми се чини во вистиснко време и на вистинска возраст ја одиграв Кралицата на Троја. Тоа што е Хекуба во мислата, тоа сум јас приватно. Се совпаднавме, па и не морав многу да “глумам”. Соработката со Рубенс и со режисерот беше прекрасна. Со Рубенс сме одлични партнери, зашто се знаеме одамна. Во еден час и 15 минути кажуваме цел живот. Чувствував дека публиката ја вовлековме во нашата приказна. Прв пат работам истовремено мисловен и физички театар. Задоволство ми беше.

**Рубенс Муратовски,** актер: Тешки се само оние претстави кои се лоши. Оваа претстава, според мене, е исклучително добра. Претставата бара полна концентрација зашто сме само ние двајцата актери цело време на сцена. Задоволство ми беше како се вклопувавме заедно со Јелена. Јас сакам да има повеќе вакви претстави, каде актерот дава се од себе.

# П у б л и к а т а . . .

- Извонредни актерски креации. Посебно на Јелена Жугиќ. Ме остави без здив. Уживав.
- Иако филозофска, актерите на сцена направија да се соживеам и јас во претставата. Овде само тие двајцата на сцена и од нив зависеше целата претстава. Сакам да гледам такви претстави кога се зависи од актерот. Тогаш нивниот талент доаѓа до полн израз како што беше случајот во оваа претстава.

# Гледавме . . .



НУЦК"Антон Панов"
Театар - Струмица
**"Вистинскиот Минхаузен"** од Григориј Горин
Режија: Ненад Витанов
Сценографија: Дејан Ивановски, Филип Јовановски
Костимографија: Елена Дончева
Избор на музика: Ненад Витанов
Кореографија: Јасмина Вучкова, Круме Стефановски
Играа: Стојанче Велков, Ангелина Тренчева, Ванчо Крстевски, Анѓелка Арсова, Ванчо Василев, Бранко Бенинов, Васил Михајлов, Кире Ѓорѓиев, Крсте Јовановски, Томе Витанов, Тамара Тренчева, Елена Поцкова, Фроса Митрова, Ивана Ахтарова

# Претставата . . .

Претставата е пародија на нашето општество со постојана борба на докажување, претстава во која ни се отвораат очите и душите да гледаме пошироко. Во центарот на вниманието е Минхаузен кој минува низ бројни перипетии за да го оствари својот сон, искрено да сака наспроти луѓето кои безмерно мразат.

**Ненад Витанов,** режисер: - Вистинскиот Минхаузен на Григориј Горин е интересен текст, кој на чуден начин ја испревртува целата историја за баронот, на сосема обратен начин, дека Минхаузен е еден лик со визија за човештвото. Тој предвидува дека човекот ќе појде на Месечината, дека ќе може брзо да патува од едно на друго место, и уште еден куп други работи кои станаа пресвртница. Се работи за лик несфатен во своето време. Григориј Горин како светски класик кај нас е малку познат, но беше големо задоволство да се работи. На Фестивалот дебитирав со "Тестестерон" и го следам три години. Фестивалот за мене е најубавата манифестација во нашата фела. Можеби треба повторно да има разговори, отворено да ги прокоменитираме претставите и повеќе да се дружиме.

**Стојан Велков,** актер: - Текстот на Горин "Витинскиот Минхазуен" ја дава вистинката слика за Минхаузен. Сите ние имаме претстава за баронот Минхаузен тој што лаже, измислува. Во ова дело е прикажан со голема верба во тоа што сака да му се случи и му се случува. Предизвикот е голем да се игра главна улога. Во суштина се занимава со човечкото, со проблемот на човекот, опкружен од другите луѓе. Огромно е задоволството да се игра на "Војдан Чернодрински", особено ако играш главна улога, пред се поради искуството. Првпат сум со главна улога, дури одговорно се чувствувам. Пријатно, во секој случај.

**Ангелина Тренчева,** актер: - Бароницата Минхаузен, ликот што го играм е манипулативен. Ако баронот е фантазијата, бароницата е реалниот момент што го спушта на земја. Таа се труди да биде женскиот принпиц, на моменти се изместува и на крајот испаѓа дека таа е манипулацијата. Колку тој што сака да фантазира, таа повеќе сака да манипулира. Текстот на Горин е добар, а ликот беше предизвик да го играм, како што ми беше предизвик да работам со режисерот. Се покажа успешно дека можам да ја играме естетиката на Витанов .

# Публиката . . .

- Многу се расположив гледајќи ја претставата. Ситуациите беа комични но и полни пародија. Вистинско освежување.
- Убава претстава. Честитки за актерите. Многу се опуштив и со задоволство ја гледав претставата до крај.

## Гледавме . . .

Австралиско-Македонски театар од Сиднеј - Австралија
**"Мистер Балкан"** од Стефо Нанцу и Душан Ристески
Режија: Стефо Нанцу
Играа: Васко Србиноски, Соња Зенговска, Пецо Зенговски, Митра Недановска - Нешковска, Стефо Нанцу, Татјана Тодороска, Спасиа Огненовска, Илдико Каса, Јасмиа Зенговска, Душан Ристевски и Јован Ристевски



## Претставата . . .

"Мистер Балкан" е претстава за македонскиот непребол, поврзан за судбините на Македонците - бегалци од Егејска Македонија кои се отселиле во Австралија и се уште мечтаат по сопствениот дом. Претставата е полна со солзи, ги открива незараснатите рани, страдањата на бегалците од болната историја на нашиот народ со преселбите во Војводина, Русија, Унгарија...

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

*ПОБЛИСКУ ЗА ГОСТИТЕ ОД АВСТРАЛИЈА*

# КОРЕНИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА БОЛКА ВО АВСТРАЛИЈА



Австралиско - македонскиот театар од Сиднеј, Австралија предизвика аплаузи на полноќна сцената на театарот "Војдан Чернодрински" со вонредната игра во претставата "Мистер Балкан" од авторите Стефо Нанцу и Душан Ристевски, а во режија на Стефо Нанцу. Тие учествуваа во придружната програма на МТФ во рамките на турнејата низ Македонија од 4 до 17 јуни.

**Душан Ристевски** вели дека групата е формиран во 2008 година со желбата да се подготви претставата "Страв и срам" која ја обработува темата за намалувањето на стигмата од менталните болести кај Македонците во Австралија.



- Дојдовме на идеја да ја подготвиме "Мистер Балкан" затоа што режисерот потекнува од родители бегалци од Егејска Македонија, отселени во Австралија. Сакавме да ги запознаеме нашите за минатото, и каде се тие во светот. Особено сакаме да им се обратиме и да им упатиме порака за своите корени на втората и третата генерација Македонци. Преку трагедијата на Господин Балкан, ја покажуваме трагедијата на македонскиот народ со сите перипетии на болката, тагата и носталгијата за родната земја. Претставата е одиграна единаесет пати во Австралија, каде што го привлече вниманието не само на Македонците, туку и на Австралијците, објаснува Ристевски.

Претставата е направена да биде поучна, да биде едукативна и публиката да извлече некоја порака.

- Не негуваме комедии. Не дека не се важни, но има други позначајни теми кои треба да се афирмираат и да имаат пораки. Луѓето да излезат од театарот со сознанието дека нешто ново осознале и научиле. Тоа е значајно затоа што луѓето се изолирани, страдаат од различни социјални или психички проблеми. Се обидуваме маките индиректно да ги решаваме или да ги ублажиме. Актерите се аматери, освен Стефо Нанцу, кој е Македонец роден во Австралија со македонски корени и работи во австралијскиот театар како уметнички директор. Васко Србиноски, носителот на главната улога, е поискусен затоа што играл во повеќе драми. Ова е неговата најдобра улога. Останатиот дел од екипата се домаќинки, пензионери, кои покажуваат интерес за актерство и се откриваат себеси. Дури во екипата има сопруг, сопруга и ќерка, вели Ристевски.



Австралискаta театарска трупа подготви уште една нова претстава под наслов "Стари и весели" каде игра и еден прилепчанец кој се обидел пред дваесетина години да биде актер.

Стефо Нанцу, по претставата, изјави дека се труди како професионалец, да наметне професионална клима меѓу аматерите кои се однесуваат професионално.

- Странците во Австралија тешко наоѓаат работа за режисер или актер. Роден сум во Австралија, од мајка и татко Македонци, бегалци од Егејска Македонија. Не е лесно затоа што не сме ниту Астралијанци, ниту сто отсто Македонци, туку во крвта, во душата, во срцето сме Македонци. Сакав да глумам, да режирам и да пишувам. Работам како режисер. Преку оваа трупа и преку неколкуте претстави дојдоа врските со Македонците. Ја афирмираме нашата историја преку театарот, објаснува  Нанцу.

Австралиско - македонскиот театар е добротворна организација. Непрофесионалниот театар се постави на професионално рамниште. Васко Србиновски, кој ја толкуваше главната ролја Господин Балкан, покажа актерска ферментација и вештина. Убедливи толкувања имаа Стефо Нанцу и Илдико Каса...

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

ЕСРА Скопје
**“ОРКЕСТАР ТИТАНИК”** од Христо Бојчев
дипломска претсстава по актерски игра
во класата на доц. м-р Роберт Вељановски

## П р е т с т а в а т а . . .

Текстот на Христо Бојчев, виден низ уметничката призма на доц. м-р Роберт Вељановски, а во кој многу успешно е вткаена актерската игра на студентите по актерска игра, создаде современа театарска постановка која од страна на публиката беше проследена во еден здив. “Оркестар Титаник” слободно може да се вброи во оние претстави кои претставуваат авангарда во македонскиот театар воопшто.

# О Д Л У К А

НА ОЦЕНУВАЧКАТА КОМИСИЈА НА 46-ОТ МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" ПРИЛЕП,
ВО СОСТАВ: ЛИЛЈАНА МАЗОВА - ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИТЕ : ВЕБИ КЕРИМИ И ПЕТАР МИРЧЕВСКИ
ГИ ДОДЕЛУВА СЛЕДНИТЕ НАГРАДИ:

**1.** НАГРАДА ЗА РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ СЕ ДОДЕЛУВА НА **ВЛАДОЃОРЕВСКИ - РАФИК** ЗА РЕКЛАМНИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД ПРЕТСТАВАТА **"ХАМЛЕТ"** ВО ИЗВЕДБА НА ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ

**2.** НАГРАДАТА ЗА КОРЕОГРАФИЈА И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ОЛГА ПАНГО** ЗА КОРЕОГРАФИЈА И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА ВО ПРЕТСТАВАТА **"ОРКЕСТАР"** ВО ИЗВЕДБА НА АЛБАНСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ

**3.** НАГРАДА ЗА МУЗИКА СЕ ДОДЕЛУВА НА **МАРЈАН НЕЌАК** ЗА МУЗИКАТА ВО ПРЕТСТАВИТЕ **"АНТИЦА"** НА ТЕАТАРОТ ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ ПРИЛЕП И **"ОБИЧНА ПРИКАЗНА"** НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД БИТОЛА

**4.** НАГРАДА ЗА КОСТИМОГРАФИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **АЛЕКСАНДАР НОШПАЛ** ЗА КОСТИМИТЕ ВО ПРЕТСТАВАТА **"АРАПСКА НОЌ"** НА ТУРСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ

**5.** НАГРАДА ЗА СЦЕНОГРАФИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ВАЛЕНТИН СВЕТОЗАРЕВ** ЗА СЦЕНОГРАФИЈАТА ВО ПРЕТСТАВАТА **"ОБИЧНА ПРИКАЗНА"** ВО ИЗВЕДБА НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД БИТОЛА

**6.** НАГРАДА ЗА ТЕКСТ СЕ ДОДЕЛУВА НА **ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ** ЗА ТЕКСТОТ **"СПИНОЗА"** ВО ИСТОИМЕНАТА ПРЕТСТАВА ВО ИЗВЕДБА НА МАЛ ДРАМСКИ ТЕАТАР ОД БИТОЛА

**7.** НАГРАДА ЗА МЛАД АКТЕР "Трајко Чоревски " СЕ ДОДЕЛУВА НА **НИКОЛА ПРОЈЧЕВСКИ** ЗА УЛОГАТА НА ПЕТЕЛОТ ВО ПРЕТСТАВАТА **"ОБИЧНА ПРИКАЗНА"** ВО ИЗВЕДБА НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД БИТОЛА

**8.** НАГРАДА ЗА ЖЕНСКА ЕПИЗОДНА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **АМЕРНИС НОКШИЌИ ЈОВАНОВСКА** ЗА УЛОГАТА НА СУЗАНА ДЕЛИЦИЈА ВО ПРЕТСТАВАТА **"ОРКЕСТАР"** ВО ИЗВЕДАБА НА АЛБАНСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ

**9.** НАГРАДА ЗА МАШКА ЕПИЗОДНА УЛОГА "Димче Трајковски" СЕ ДОДЕЛУВА НА **ВЛАДО ЈОВАНОВСКИ** ЗА УЛОГАТА НА ВЕРХОВЕНСКИ ВО ПРЕТСТАВАТА **"БЕСОВИ"** ВО ИЗВЕДБА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР СКОПЈЕ

**10.** НАГРАДА ЗА РЕЖИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ** ЗА ПРЕТСТАВАТА **"ХАМЛЕТ"** ВО ИЗВЕДБА НА ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ

**11.** НАГРАДА ЗА ГЛАВНА ЖЕНСКА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ЈЕЛЕНА ЖУГИЌ** ЗА УЛОГАТА НА ХЕКУБА ВО ПРЕТСТАВАТА **"ГЕНОЦИД 21"** ВО ИЗВЕДБА НА ДРАМСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ

**12.** НАГРАДА ЗА ГЛАВНА МАШКА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ДЕЈАН ЛИЛИЌ** ЗА УЛОГАТА НА **"ХАМЛЕТ"** ВО ИСТОИМЕНАТА ПРЕТСТАВА НА ДРАМСКИ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ

**13.** НАГРАДАТА ЗА УМЕТНИЧКО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВА ВО ЦЕЛИНА И СЕ ДОДЕЛУВА НА ПРЕТСТАВАТА **"ХАМЛЕТ"** ВО РЕЖИЈА НА ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ ВО ИЗВЕДБА НА **ДРАМСКИ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ**

ПРИЛЕП , 16 ЈУНИ 2011г.

**Лилјана Мазова:** - Хамлет е претстава која на најтеатарски начин ја одрази сезоната во македонскиот театар и на Фестивалот. На најубав начин ни го доближи Хамлет.

**Дејан Пројковски,** режисер: - Многу сум задоволен што победи "Хамлет", бидејќи тоа е претстава на сите учесници, тоа е колективен чин. Нашиот Хамлет ја носи својата порака "да се биде или да се биде", како единствен можен одговор на херојот од денес. Нашиот Хамлет ги носи прашањата и дилемите на секој човек денес.

**Дејан Лилиќ,** актер: - Ова ми е трета награда на Феситвалот. Многу сум среќен што ја добив за претставата "Хамлет". Исклучително ја почитувам прилепската публика која знае да цени што е добра претстава. Наградата е таква како што ние ја работевме претставата: со радост, љубов, посветеност и со верба.

# ЗА ФЕСТИВАЛОТ . . .




**Виолета Силјаноска,** редовен гледач:

- Фестивалот го следам со години и она што оваа година ми падна во очи, а што ми е особено мило, е дека Фестивалот се повеќе е посетен од млада публика. Сметам дека тоа е одлична работа, бидејќи тоа може да се земе и како некој своевиден показател дека младите се повеќе ја сфаќаат потребата од сопствено културно едуцирање и себеизградување, разбираат дека познавањето на литертурата, на културата, на уметноста, на театарот е важна работа во градењето на личноста.

Што се однесува до годинашното издание на МТФ “Војдан Чернодрински”, морам да признаам дека имаше извесни осцилации, некои од претставите беа извонредно добри, но, некои “потфрлија”... Реномирани театри со професионални актери прикажаа многу аматерски претстави... Не знам на што се должи тоа, не сум театарски експерт, но зборувам од аспект на редовен гледач и вљубеник во тетарот. Моја претпоставка е дека- можеби вистински квалитетниот театар помалку се губи на патот меѓу класичното и модерното.

Организациски, Фестивалот си го задржува нивото, тука немам некои посебни забелешки, освен што можеби годинава, програмата некако како да беше пренабиена, а мислам дека недостигаат и гостувања од странски театри, барем ревијално.



**Александар Степанулески,** актер :

- Концепциски Фестивалот може, а мислам дека и веќе треба да се менува. Со текот на времето некои работи веќе се изживеани и затоа мислам дека треба да се размислува во таа насока. Може многу да се направи во однос на ефикасноста, на дружењето, на позитивната енергија... Не велам дека годинава Фестивалот не си ја исполни својата функција, туку напротив, доколку сакаме тој и понатаму квалитативно да се развива, ќе мора и да се менува...



**Виолета Петреска,** редовен гледач:

- Да бидам искрена, годинава очекував многу повеќе од Фестивалов, во квалитативна смисла на зборот. Бидејќи со години редовно го следам, сметам дека тоа ми дава за право да констатирам дека годинашново издание, за жал,  е едно од послабите. Можеби за тоа имало објективни причини, не знам, ама, знам дека во иднина може треба повеќе да се обрне внимание на тоа македонските драмски автори да бидат позастапени, бидејќи, факт е дека ги имаме доволно, и тоа квалитетни. Потоа, може малку се претерува и со камерните претстави, со што принудно се ограничува бројот на гледачите кои сакаат, а не можат да ги следат, исто така, може добро е да се поразмисли и за тоа МТФ “Војдан Чернодрински” да прерасне во интернационален фестивал, да има гостувања од странство, да има размена на актери и на искуства со што би се докажало дека уметноста нема граници, дека јазикот не е бариера, дека сите можат да функционираат како еден и единствен театар.

**Трајче Кацаров,** , драмски автор:

- Годинашново, 46-то издание на МТФ “Војдан Чернодрински”, кое измина во знакот на 60-годишнината од смртта на патронот, само уште еднаш ми ја потврди мојата теза што ја кажувам на многу наврати- време е да се направат напори публиката театарот да го чувствува како втор дом. Се додека публиката се чувствува како гостин во тетарот, ние не можеме да веруваме дека тој си ја исполнил својата функција. Мислам дека промените треба да се движат во таа насока- театарот треба да постои за публиката, а не публиката за тетатрот.

На Фестивалот треба повеќе да се зборува за претставите, за театарот од повеќе аспекти, да се дебатира постојано затоа што значат драматургијата, театарот, Феситвалот.



**Александра Бошкоска,** театарски критичар:

- Мислам дека е потребно да има тркалезни маси  на Фестивалот, не мора да се на критиката, туку да биде место каде ќе се разменуваат идеите и каде ќе се разговара за претставата, инаку нема да одиме напред. Едноставно се научивме да не поднесуваме критика и да не разговараме. Дури и по цена да бидат тие мачни мора да се воведат, да разговараме за претставите, за тоа што го правиме.

**Јордан Витанов,** актер:

Јас сум задоволен што се потврдува константата на Фестивалот и има нагорна линија. Тоа, пред се, е публиката. Ако не би доаѓала масовно на претстави, би го обесмислила постоењето на Фестивалот. Имав можност да ги гледам повеќето од претставите. Видовме жанровски и естетски претстави . Добар избор во официјалната и во придружната програма.

Што се однесува до поставувањето на сцена на битовата драма, во контекст, еве на 60 годишнината од смртта н а патронот на Фестивалот, секогаш има можност да се најде, зависи од режисерот, одредената размисла како да се постави на сцената. Македонската драматургија во овие 100, 150 ина години од Цинот наваму, изнедри редица драмски автори. Таканаречената биитова драма се поставува тогаш кога има понбуда за некое свежо читање. Не би било упатно да ги реставрираме како музејски пиеси. Имаат свое значење, одредени толкувања, нивната суштина се уште важи, моќна е. На пример, македонската “Бегалка” е пандан на шекспирова “Ромео и Јулија”. Емоциите и до ден-денеска се важни, како и недоразбирањата патријархалните односи. Секогаш е податливо за режисерски предизвик.



# А Т М О С Ф Е Р А . . .



Сите за еден, еден за сите! Така вели фестивалското жири дека работело при донесувањето на одлуките. Сплотени членови на жирито Петар Мирчевски, Лилјана Мазова и Веби Керими.



За статуетката "Војдан Чернодрински" вреди да бидеш добро подготвен. И шминката е дел од тоа.



Меѓу режисерот и директорот на еден театар секогаш има можност за соработка. Режисерот Љупчо Ѓорѓиевски и директорот на Турскиот театар Атила Клинче во "длабок" разговор.



# А Т М О С Ф Е Р А . . .



И меѓу режисерот и драмскиот автор ќе се најде простор за договор. Прв чин - размена на телефонските броеви. Режисерот Душко Наумовски и драмскиот автор Братислав Димитров.





Фестивалското бифе и овој пат си ја одигра улогата: таму се пееше, се пиеше, се договараше, едноставно се уживаше.



# ЌЕ ГЛЕДАТЕ . . .

ЧЕТВРТОК, 16 јуни

20.00 часот - ЦК "Марко Цепенков"

***Свечено затворање на Фестивалот***

**"Ромео и Џулиета"** од Виљан Шекспир

Режија: Лилиа Абаџиева

Сценографија: Васил Абаџиев

Костимографија: Васил Абаџиев

Играат: Игор Стојчевски, Сашко Коцев, Оливер Митковски,

Славиша Каевски, Дениз Абдула, Мартин Петровски,

Бојан Криковски, Николче Пројчевски

46. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Бранко Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Петар Мирчевски - Народен театар - Битола
Роберт Павлески - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Адем Карага - Член
Јордан Витанов - Член
Валентин Светозарев - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Веби Керими
Лилјана Мазова
Петар Мирчески

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 46. МТФ
"ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: "ТИРЕКС" - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**"ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП**
НУ Центар за култура "Марко Цепенков"
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk
www.mtf.com.mk